ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 03.11.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работна средба на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова со новиот тим на Стоматолошката комора на Македонија

Актуелните состојби во сферата на стоматологијата, бројот на матични стомаотлози и договори со приватните здравствени установи – стоматолошки ординаци, како и буџетот на ФЗОМ за стоматолозите и методогологијата по која истиот се распоределува, беа тема на првата официјална средба на новото раководство на Стоматолошката комора на Македонија, на чело со претседатолот, проф.др. Владимир Поповски со директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова.

На средбата, Парнарџиева-Змејкова го истакна своето задоволство од фактот дека секоја година се зголемува бројот на договори, што Фондот ги склучува со стоматолозите, што е од огромно значење за осигурениците и што на ниво на држава го подигнува нивото на стоматолошка здравствена заштита.



На средбата стана збор и за следните мерки кои може да се преземат во насока на превенција и промоција на оралното здравје во Македонија, со особен осврт на потребата да се зголеми свеста од важноста на оралното здравје посебно кај младата популација.

Првата официјална среба на Стоматолшката комора и Фондот, според новоименуваниот претседатл проф.др. Владимир Поповски претставува симбол на продлабочување на соработката, со цел на парнтерски начин да се изнаоѓаат заеднички решенија за предизвиците со кои што се соочуваат стоматолозите, кои не се во мал број во Македонија. Претседателот Поповски на средбата со тимот на директорката Парнарџиева-Змејкова информираше за активностите на кои Комората во моментов е фокусирана, како што е новиот Статут на Комората и правилниците важни за работата на еснафската организација.